# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

20 јули 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 13



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА
СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
И ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 20 јули 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5870/1**
**од 20 јули 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/09), член 11 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за меѓуопштинска соработка за вршење определени работи помеѓу Општина Кисела Вода и Општина Гази Баба, бр.09-6004/17 од 14 јули 2023 година, Советот на Општина Гази Баба на триесеттата седница одржана на 20 јули 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од членот 1 од оваа одлука ќе се остварува преку давање на интелектуални услуги од овластен градежен инспектор - административен службеник од Општина Кисела Вода (давател на услуга) за потребите на Општина Гази Баба (корисник на услугата).

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Градоначалникот на Општина Кисела Вода, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5856/4**
**од 20 јули 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кисела Вода . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 13/23**
**30 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредниук: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ


e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk